**Отворен е повикот за Лабораторијата за креативни иновации (CREA-CROSS-2025-INNOVLAB) за 2025 година, со краен рок за поднесување на предлог-проектите до 24 април 2025 година, до 17:00 часот (по средноевропско време).**

Меѓусекторската соработка на аудиовизуелниот сектор и другите културни и креативни сектори (ККС) е од суштинско значење за овој повик. Предлог-проектите треба јасно да ги потврдат меѓусекторскиот пристап, условите за негово спроведување и очекуваните придобивки за секторите што се опфатени со проектите. За повикот се обезбедени средства во вкупен износ од 5 001 863 евра.

**Цели**

Повикот има цел да ја помогне еколошката транзиција на аудиовизуелниот сектор и на ККС и/или да ги подобри конкурентноста и/или циркулацијата, видливоста, пристапноста, разновидноста и публиката на европските содржини преку границите. Поддршката, исто така, има цел да им овозможи на овие сектори соодветно да се приспособат на можностите што ги нуди развојот на вештачката интелигенција и на виртуелните светови.

**Теми и приоритети**

- Поттикнување на нови форми на создавање кои се на крстопат меѓу различните културни и креативни сектори, на пример преку креирање експериментални пристапи и употреба на иновативни технологии.
- Зајакнување на иновативните меѓусекторски пристапи и алатки кои опфаќаат повеќејазични и социјални димензии за да се олесни нивната дистрибуција, промоција и монетизација, како и пристап до културата и креативноста, вклучувајќи го и културното наследство.

Повикот ќе ги поттикне организациите од различните културни и креативни сектори, вклучувајќи ги и оние од аудиовизуелниот сектор, во дизајнирањето и тестирањето иновативни решенија за клучните предизвици и кои ќе имаат позитивно долгорочно влијание врз културните и креативните сектори.

**Очекувани влијанија**

- Подобрување на конкурентноста на европскиот аудиовизуелен сектор и на ККС во следниве области: транспарентност, собирање податоци/big data и соодветна употреба на вештачка интелигенција, адаптација на предизвиците и на можностите поттикнати од тековните промени во овие сектори.
- Подобрување на приспособувањето на европскиот аудиовизуелен сектор и на ККС кон можностите што ги нуди развојот на виртуелните светови.
- Подобрување на производството/финансирањето и циркулацијата на европските аудиовизуелни и културни содржини во дигиталната ера.
- Подобрување на видливоста, пристапноста и различноста на европските аудиовизуелни и културни содржини во дигиталната ера.
- Зголемување на потенцијалната публика на европски аудиовизуелни и културни содржини во дигиталната ера.

- Забрзување на еколошката транзиција на европскиот аудиовизуелен сектор и на ККС во согласност со приоритетите на Европскиот зелен план и Новиот европски Баухаус.

**Проектите треба да се фокусираат на една (или на неколку теми)**

- Виртуелни светови како нова средина за промовирање европска содржина, развој на публика и конкурентност на соодветните европски индустрии.
- Иновативни деловни алатки за производство, финансирање, дистрибуција или промоција овозможени или подобрени со нова технологија (AI, big data, blockchain, Metaverse, NFT итн.).

**Особено ќе се земат предвид следниве активности:**

- управувањето со правата и монетизација (вклучувајќи ги иновативните пакет-понуди за претплата за пристап до различни европски културни содржини од различни постојни европски платформи), истовремено обезбедувајќи транспарентност и правично наградување за креаторите и уметниците;
- собирање и анализа на податоци, со посебен акцент на антиципирање на нови содржини и развој на публиката (вклучувајќи иновативни меѓусекторски алатки за подобрување на квалитетот на претплатничката услуга и подобра валоризација на европските содржини понудени од европските интернет-платформи);

- „позеленети“ практики за намалување на влијанието на аудиовизуелните и на другите културни сектори врз животната средина во согласност со Европскиот зелен план и иницијативата „Нов Баухаус“.

**Квалификувани апликанти**

- Правни лица (приватни или јавни) кои работат и се регистрирани во земјите учеснички во програмата „Креативна Европа“.
- Апликацијата може да ја поднесе еден партнер или партнерски конзорциум составен од најмалку 2 партнери.

Поканети се да учествуваат широк спектар организации, вклучително и приватни и јавни субјекти, технолошки компании и стартап, аудиовизуелни, културни и креативни организации. Особено се охрабрува учеството на бизнис-инкубатори и акцелератори за да обезбедат простор и време за да се обликуваат креативните идеи.

**Времетраење на проектите:** до 24 месеци.

**Начин на подготовка и поднесување на предлог-проектите/апликацијата**

Предлог-проектите се подготвуваат во согласност со критериумите и условите наведени во документот за повикот: Creative Innovation Lab

(CREA-CROSS-2025-INNOVLAB), Version 1.0, 22 October 2024.

**Линкови до повикот и до документот на повикот:**
https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/portal/screen/opportunities/topic-details/CREA-CROSS-2025-INNOVLAB?order=DESC&pageNumber=1&pageSize=50&sortBy=startDate&isExactMatch=true&status=31094501,31094502&frameworkProgramme=43251814&callIdentifier=CREA-CROSS-2025-INNOVLAB

https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/docs/2021-2027/crea/wp-call/2025/call-fiche_crea-cross-2025-innovlab_en.pdf

Апликациите се обработуваат и се поднесуваат електронски преку **Funding &Tenders Opportunity Portal (F&TP)**: Информации за пристапување до **F&TP** може да најдете на:
https://www.eacea.ec.europa.eu/grants/how-get-grant_en